РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1584/2
14.08. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за правна едукација и транспаретност Станица Пет, ул. Прилепски бранители бр. 234, Прилеп со број 10-1584/1 од 06.08.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Станица Пет, заверено под број 10-1584/1 од 06.08.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Станица Пет, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 06.08.2024 година заверено под број 10-1584/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: дали Општината има донесено стратешки документ за противпожарна заштита; одлука од Советот на Општина Ресен за противпожарна заштита во период од 2023-2024 година; колку средста од Буџетот на Општина Ресен се издвоени за здравствена заштита во 2023 и колку во 2024 година; дали ТППЕ Ресен покрива и други општини освен матичната, колку интервенции годишно за 2023 и 2024 година а колку од нив се надвор од територијата; колку се тошоците на годишно ниво на ТППЕ Ресен за гаснење на пожари на териториите на други општини.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека: На веб страната на Општина Ресен во Службен гласник бр. 19 од 2023 година е објавена програмата за активности на Општина Ресен во областа на противпожарната заштита во 2024 година на страна страна број 70 од горенаведениот Сл.Гласник, на следниот линк:
https://resen.gov.mk/wpcontent/uploads/2023/12/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-19-2023.pdf
Друга одлука донесена од Советот на Општина Ресен за ТППЕ Ресен 2023-2024 година нема; Во врска со издвоени средствата за Секторот за противпожарна заштита за 2023 година и за 2024 година се објавени на официјалната веб страна на Општина Ресен, www.resen.gov.mk "Службен гласник" бр.16/2022 и "Службен гласник" бр. 20/2023; ТППЕ Ресен дејствува односно интервенира на други општини по нивно барање; Трошоците односно расходите во вкупна основа можете да ги видите во Завршната сметка на Општина Ресен за 2023 година, објавена на веб страната "Службен Гласник" бр.3/2024.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**